РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 19-2084/1
01 03 2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 5. 03. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 923/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/2003, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), министерот за образование и наука донесе

Архивски знак: 0707, 0708, 0710
Рок на чување: ТРАЈНО
5.03.2012 год. Потпис,

# РЕШЕНИЕ

## за изменување на дел од наставните програми за средното образование во делот на нормативот за наставен кадар

1. Со ова Решение се менуваат дел од наставните програми за средното (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование во делот на нормативот за наставниот кадар и тоа:

**„Норматив за наставен кадар по македонски јазик и литаратура за учениците од другите заедници за средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование:**

Настава по македонски јазик и литература за учениците од другите заедници за средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование може да изведува лице кое завршило:

Филолошки (порано Филозофски) факултет:

- студиска група за општа и компаративна книжевност-наставна насока,
- студиска група за општа и компаративна книжевност-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет."

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/2003, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12) наставните плановити програми за јавните училишта ги предлага Биро за развој на образованието, а ги донесува министерот за образование и наука.

Согласно член 21 став 1 со наставните планови и наставните програми се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот што ја реализира наставата.

Согласно Записникот од работната група за изменување на нормативот за наставниот кадар во основното и средното образование бр. 02-4888/1 од 1.12.2011 година Бирото за развој на образованието предлага измени на наставните програми во

делот на нормативот за наставниот кадар во средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

Доставено до:
-Сектор за основно и средно образование
-Бирото за развој на образованието
-архива

Изготвил/проверил: Милка Масникоса/ Митко Чешларов
одобрил: Елизабета Тодоровска